Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndermarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 04-525/1
07.04 2026 год./vit.
Кичево - Kërçovë

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за вработените во јавен сектор, член 37-н и 37њ од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 9/97, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 37 став 1 точка 4 од Статутот на ЈП „Студенчица "Кичево, Правилникот за систематизација на работните места во ЈП „Студенчица" Кичево бр.02-1977/1 од 17.11.2015 година, бр.02-661/1 од 18.04.2018 година, бр.02-1114/1 од 09.05.2019 година бр.02-135/1 од 27.01.2020 година, бр.02-1645/1 од 11.11.2020 година, бр.02-336/1 од 04.02.2021 година, бр.02-1023/2 од 17.06.2021 година, бр.02-1301/2 од 17.08.2022 година, бр.02-491/1 од 19.03.2025 година, бр. 02-872/1 од 16.06.2025 година, 02-99/1 од 22.01.2026 година, Согласно чл.13 од Правилникот за постапката за унапредување на даватели на јавни услуги во ЈП Студенчица Кичево преку постапка за унапредување бр. 02-390/1-5 од 17.03.2026 година, Директорот на ЈП„Студенчица" Кичево, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за избор по интерен оглас бр.1/2026 за** за пополнување на работно место со унапредување на 2 (два) **извршители со статус даватели на услуга од трето ниво по пат на интерен оглас**

1. По оглас **бр.1/2026** за пополнување на работно место со унапредување на **2 (два) извршители со статус даватели на услуга од трето ниво по пат на интерен оглас, на работното место „Груповодител за одржување на водоводна мрежа„ со шифра КДР 03 05 Б03 004, објавен на 25.03.2026 година за** 2 (два) извршители, од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите по огласот, се избираат следните кандидати :

    - Игор Донески од Кичево
    - Јово Дојчиноски од с. Другово Кичево,

2. Да се достави одлуката до кандидатите и да се објави на интернет страната и огласната табла. на претпријатието

3. Да се донесе решение за распоредување и да се склучи Договор за вработување во рок од 8 дена од конечноста на одлуката .

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето

О б р а з л о ж е н и е

ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево на ден **25.03.2026 година** објави интерен оглас за пополнување на работно место со унапредување на 2 (два) **извршители со статус даватели на услуга од трето ниво по пат на интерен оглас, на работното место „Груповодител за одржување на водоводна мрежа„ со шифра КДР 03 05 Б03 004.**

Комисијата за селекција на пријавите на кандидатите по објавен интерен оглас бр.1/2026 за **пополнување на работното место со унапредување на даватели на јавни услуги во ЈП Студенчица Кичево по пат на интерен оглас, за 2 (две) лица** формирана со решение бр. 04-464/2 од 30.03.2026 година на директорот на јавното претпријатие, согласно Правилникот за постапката за унапредување на даватели на јавни услуги во ЈП Студенчица Кичево преку постапка за унапредување бр. 02-390/1-5 од 17.03.2026 година, изготви записник заведен под арх.бр.04-487/1 од 02.04.2026 година со кој констатира дека **За работното место Груповодител за одржување на водоводна мрежа„ со шифра КДР 03 05 Б03 004.** за унапредување има доставено 2 ( две ) уредни пријави, и тоа на кандидатите Игор Донески од Кичево и Јово Дојчиноски од с.Другово Кичево кои во целост ги исполнуваат условите на интерниот огласот. Со кандидатите кои ги исполнуваат условите на огласот Комисијата спроведе интервју на ден 03.04.2026 година кое се одржа во Дирекцијата на ЈП, за кое интервју состави записник **бр. 04-505/1 од 03.04.2026** година, и целокупната документација со записниците, табелите и предлог одлуката ги достави на одлучување до директорот.

Предвид гореизнесеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од 8 дена од приемот може да изјави жалба до Управниот одбор на јавното претпријатие.

07.04.2026 година
Кичево

**ЈП „Студенчица“Кичево**
**Директор**
**м-р Дејан Пандилески**